# Твининг проект: „Зајакнување на среднорочно буџетирање за ефективно управување со јавните финансии“

## *Подготовка на кохерентна програмска структура на буџетот*

Во текот на зимата 2016 активно се работеше на дефинирањето на новата програмска структура на буџетот на Република Македонија. Во периодот 29 ноември - 2 декември 2016 година, г-ѓа Јана Пољак и г-ѓа Катја Лаутар од Словенија продолжија да работат на политиката Образование, наука, спорт и култура, како и на политиката Транспорт.



*Работен состанок*

За политиката Образование, наука, спорт и култура беа организирани консултативни средби со Министерството за образование и наука и Министерството за култура, со цел да се развие структурата на дадената политика. За време на средбите, беше договорено оваа политика да се подели на две политики имајќи го предвид фактот што тоа се поголеми области во кои се реализираат голем број на инвестиции, особено во областа на културата. По состаноците организирани со ресорните министерства, г-ѓа Пољак подготви нов нацрт-предлог на структура за политиката Образование, наука и спорт, како и за политиката Култура (вклучително и цели и индикатори на ниво на програма и потпрограма). Во меѓувреме, г-ѓа Лаутар ја преработи политиката Транспорт и направи преглед на најновите промени во областа на одбраната. Освен тоа, г-ѓа Лаутар работеше и на понатамошен развој и обезбедување на предлози за подобрување на Прирачникот за програмско буџетирање.

Во периодот 26-28 декември 2016 година, г-ѓа Ирена Ростан и г-ѓа Катја Лаутар реализираа нова мисија во Министерството за финансии. За време на мисијата г-ѓа Ростан продолжи да работи на политиката Здравство. Притоа за изработка на новата предлог класификација, која вклучува и цели и индикатори, беа користени постојните стратегии и општите насоки за реформи во здравствениот сектор. Понатаму, заедно со буџетските аналитичри од Секторот за буџет и фондови, г-ѓа Лаутрар продолжи да работи на политиката Внатрешна и надворешна безбедност. Посебен фокус беше ставен на секторот одбрана. За време на посетата, беа преземени и првите чекори за разработка на политиката Економија и конкурентност и политиката Јавни финансии. Беа изготвени нови нацрт програмски класификации и истите вклучуваа цели и индикатори.

Се одржаа неколку работни средби со претставници од Министерството за здравство, Фондот за здравство, Министерството за финансии и Министерството за одбрана. Буџетските корисници дискутираа и изнесоа свои видувања и коментари по однос на предлозите.



*Состанок со Министерство за здравство и Фонд за здравствено осигурување на РМ*

Работата во полето на програмското буџетирање продолжи и во периодот 12-15 февруари 2017 година, со г-ѓа Јана Пољак и г-ѓа Катја Лаутар од Словенија. Во овој период, г-ѓа Пољак работеше на ревидирање на политиката Образование, наука и спорт и политиката Култура врз основа на коментарите добиени од буџетските корисници. Беа одржани средби со Агенцијата за млади и спорт и Министерството за култура, на кои поопширно се разговараше за предложената програмска буџетска класификација. Експертката, исто така, ја искористи мисијата за да започне со програмската класификација и во областа на надворешните работи (како дел од политикта Внатрешна и надворешна безбедност). Беше проучена постоечката стратешка, правна и буџетска рамка во оваа област, по што експертката, заедно со претставниците од Секторот за буџет и фондови пристапи кон изготвување на првата нацрт структура во оваа политика. Овој предлог беше презентиран и разгледан за време на состанокот организиран со Министерството за надворешни работи.

**Експертката, г-ѓа Лаутар ја финализирше политиката Јавни финансии, а работеше и на политиката Економија и конкурентност. Првата нацрт програмска структура на оваа политика (програми, потпрограми, цели и индикатори) беше изготвена врз основа на стратешките планови, а беше презентирана и на состанокот организиран со Министерството за економија.**

## ***Прирачник за програмска реформа на Буџетот***

Во периодот од декември до февруари, експертите вклучени во оваа активност продолжија да работат на Нацрт прирачникот за реформа на програмското буџетирање. За време на посетата во декември, екеспертката, г-ѓа Катја Лаутар од Словенија, даде некои предлози и инструкции во врска со административните програми, а работеше и на Прирачникот, со цел истиот да се направи полесен и поразбирлив за читателите.



*Работен состанок*

Во јануари, г-ѓа Моника Гепл од Австрија продолжи да работи на Прирачникот врз основа на повратни информации добиени од Министерството за финансии. Посебни области на интерес за време на мисијата беа: како да се утврдат и следат целите, како да се врши известувањето и мониторингот на различните документи (Буџетот,  Фискалната стратегија Завршната сметка, Стратешкиот план или некој посебен нов  извештај) и како тоа ќе влијае врз содржината на овие документи; каков би бил годишниот календар и структурата за целиот процес и кои се одговорностите на различните чинители; каква ќе биде поврзаноста со стратешкото планирање и среднорочното планирање на буџетот. Овие прашања беа дискутирани за време на состанокот на 10 јануари 2017 година со Секторот за буџет и фондови.

## ***Подготовка на нацрт измени / нов закон за буџет***

Во периодот од 11-19 јануари 2017 година г. Јоко Нарика од Финска започна со дефинирање на промените на Законот за буџет на Република Македонија.

За време на престојот беа одржани повеќе состаноци со Министерството за финансии, На некои од состаноците присуствуваше и г-ѓа Моника Гепл од Австрија, којашто спроведуваше мисија во истиот период. Од овие состаноци се добија корисни информации во врска со законодавството и буџетските практики во Македонија. Во рамките на оваа мисија беа разгледани и евалуирани клучните закони за фискалната политика и подзаконските акти, а беше подготвена и нацрт структурата на предлогот на Владата за нов Закон за буџети.



*Дискусија за нацрт предлог на Закон за буџет*

Во периодот 19-25 февруари 2017 година, г. Нарика повторно оствари мисија во земјата со која продолжи да работи на дефинирање на промените на Законот за буџет во Македонија. Во текот на посетата беа одржани две средби со Секторот за буџет и фондови, за време на кои се дискутираше и се споделуваа повратни информации во врска со предложениот нацрт Закон за буџети. На една од средбите, одржана на 23 февруари 2017 година се дискутираше за членовите од законот кои се однесуваат на локалната самоуправа. Потоа, на 24 февруари 2017 година, се организира уште една средба за целиот Сектор за буџет и фондови, а на истата присуствуваше и државниот советник. Во текот на овој состанок се разговарше за предлогот за новиот Закон за буџети, вклучувајќи го и програмското буџетирање и среднорочните буџетски реформи, стратешкото планирање, општите принципи на буџетот и новиот календар за буџетски процес. Беше договорено да се продолжи со работа во текот на уште една посета, бидејќи сеуште постојат некои отворени прашања за дискусија.



*Дискусија за нацрт предлог на Закон за буџет*

## Подобрување на проектирањето на даночните приходи

Во декември 2016 година, г. Јука Матила, експерт од Финска спроведе мисија во рамките на која се направи ревизија на моделите за персоналниот данок на доход, за придонесите за социјално осигурување и ДДВ (проценка на фискалните влијанија од промените на даночната политика и проектирање на даночните приходи). Податоците кои ги користат моделите се подобрени, а со нив беа направени и пробни пресметки од страна на Секторот за даноци. Моделите се чини се соодветно подготвени за правење на проекција на приходите, како од технички аспект, така и од од аспект на степенот на разбирање и знаење во Секторот за даноци. Сепак, за во иднина останува да се надмине недостатокот на податоци во системот на национални сметки (статистички податоци) кој го забавува напредокот на некои од моделите, а го отежнува и проектирањето на некои приходи.



*Семинар организиран на 06 декември 2016*

Дополнително на ова беше одржан и еднодневен семинар на тема "Проценка на динамичките ефекти од промени во политиката: разбирање и примена на наодите од истражувањето", на која учество земаа претставници од Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

## MTBF (среднорочна буџетска рамка) и MTEF (среднорочна рамка на расходи)

На почетокот на февруари 2017 година, г. Бенедикт Гамилшег и г-ѓа Карин Фораuер Мишер од Австрија, и г. Сами Јаултинен од Финска, работеа на дефинирање на среднорочната буџетска рамка и правилата и процедурите за среднорочната рамка за расходи.



*Среднорочна буџетска реформа*

За време на оваа посета, Прирачникот за среднорочната буџетска рамка и понатаму продолжи да се развива, а образецот за Фискалната стратегија (т.е. образецот за среднорочна буџетска рамка) се дискутираше во детали. Исто така беа договорени и чекорите за имплементација на предложената структура на Фискалната стратегија, како и содржината на образецот, така што меѓу другото договорено е првите чекори за имплементација да се направат во 2017. Понатаму беше разговарано за календарот за пилотирање, за пролет 2017, за споведување на обуки, како и воспоставување на мрежа на пилот буџетски корисници. Пред Секторот за буџет и фондови беше презентиран ексел образецот за среднорочно основно сценарио за буџетските корисници и ексел образецот за новите иницијативи за финансирање.




*Среднорочна буџетска реформа*

На 03 февруари 2017 година, беше спроведен првиот семинар/обука за аналитичарите на Секторот за буџет и фондови, со цел да се започне со пилотирањето за среднорочната буџетска реформа. На семинарот се зборуваше за тоа зошто се потребни фискалните правила и спроведувањето на среднорочната буџетска реформа – што вклучува истата, зошто треба да се спроведе и кои се придобивките од неа. Понатаму, се дискутираше за тоа што е основно сценарио – што претставува, што вклучва, а што не вклучува, кои се клучните нешта на кои треба да се обрне внимание; како да се направи пилот основно сценарио за 2018-2020 за поголемите буџетски корисници. За време на семинарот, претставниците од Секторот за Буџет и фондови ја поддржаа и истакнаа важноста од спроведувањето на реформите и го претставја предлогот за новиот буџетски процес и буџетски календар.

Покрај оваа, беше имплементирана и обука за работа во ексел табели како поддршка на пресметката на среднорочното основно сценарио. Обуката ја спроведе г. Бенедикт Гамилшег, а на неа присуствуваа сите буџетски аналитичари од Секторот за буџет и фондови. Обуката имаше за цел да го унапреди знаењњто на буџетските аналитичари за правење на ексел пивот анализа и пресметка на основното сценарио.

## ***Работилници за подготовка на фискални извештаи во согласност со стандардите на ЕУ***

Во периодот 12 - 18 февруари г. Тимо Ристимаки и г-ѓа Нина Сутаринен од Финска реализираа 4 работилници за учесниците од Министерството за финансии, Државниот завод за статистика, Народната банка и Управата за јавни приходи.

Првата работилница се однесуваше на EDP табелите за известување (според дефинициите на ESA2010), од табела 1 до табела 4. Втората работилница беше  фокусирана на правење на пресметки,  поделба на одговорност и соработката меѓу различните чинителите. Третата работилница се однесуваше на секторизацијата на општата влада, а на неа се дискутираше за практични примери / студии на случај, на пример, Јавното претпријатие за водостопанство Стрежево, Битола и Агенцијата за електронски комуникации. Четвртата обука беше посветена на статистиката на приходите и проекцијата на приходите според ESA2010. Понатаму, дисккусиите продолжија во насока на споредување на ESA2010 табелите со ESA95 табелите и буџетските сметки (со осврт на придонесите за социјално осигурување).

## ***Работа на Управниот комитет***

На 15 декември 2016 година се одржа четвртиот Управен комитет, на кој членовите имаа можност да разговараат за активностите кои се спровеле во есенскиот период и планираните активности за следните шест месеци од имплементацијата на Проектот. Управниот комитет заклучи дека соработката е на високо ниво и се одвива на дневна основа, а пак активностите се спроведуваат во согласност со работниот план, што се забележува и од напредокот што е направен на сите полиња на Проектот.



*Состанок на Управниот комитет оддржан на 15.12.2016*

## **Прослава по повод една година од Проектот, оддржана на 06 Декември 2016**







Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација  е изготвена со помош на Европската Унија. За содржината на истата е одговорен Твининг проектот MK11 IB FI 01 и истата на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.